Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 10.12.2025 година, донесе:

**Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година**

1. Во Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 1/25 година), Програмата за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 10/25) и Програма за измени и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година“ бр. 22/25), се вршат следниве измени и дополнувања:

Во табеларниот приказ насловен „Проект од национален интерес, манифестација *Гевгелија град на култура за 2025 година*“:

- колоните под реден бр. 60 („Носител- Национална галерија“, „Активност- Ликовна *изложба од македонскиот цртеж*“, „Средства- 60.000 денари“ и „Финансирање- МКТ“) се бришат;

- под реден бр. 63, колона „Носител“- „ЈОУ Дом на култура *Македонија*- Гевгелија“, во колоната „Активност“ зборовите „Џаџеви денови“ се заменуваат со „Филмска адаптација *Русалии“.* Во колоната „Средства“ износот „100.000 денари“ се менува и гласи „30.049 денари“;

- под реден бр. 65, колона (Носител) „Национална галерија“, колона (Активност) „Изложба- Жанр сцени“, во колоната „Средства“ износот „70.000 денари“ се менува и гласи „162.803 денари“;

- колоните под реден бр. 68 и 69 („Носител“- „Национална опера и балет“, „Активност- *Кармина Бурана и Премиерна балетска претстава*“, „Средства- 425.000 денари“ и „Финансирање- МКТ“) се бришат;

- под реден бр. 70, колона (Носител) „Национална галерија“, колона (Активност) „Изложба *По трагите на водата- Акварел*“, во колоната „Средства“ износот „70.000 денари“ се менува и гласи „114.802 денари“;

- под реден бр. 72 (колона „Носител“- „НУ Драмски театар“) во колоната „Активност“ зборовите „Театарска претстава мојот маж“ се заменува со зборовите „Чудесна терапија“. Во колона „Средства“ износот „180.000 денари“ се менува и гласи „82.000 денари“. Во колона „Финансирање“ зборот „ОГ“ се брише;

- под реден бр. 75, колона „Носител“- „Национална галерија“, колона „Активност“- „Изложба на Кирил Геговски“, во колоната „Средства“ износот „65.000 денари“ се менува и гласи „34.951 денари“;

- колоните под реден бр. 78 („Носител“- „Национална опера и балет“, „Активност“- „Гала оперски концерт“, „Средства“- „254.400“ и „Финансирање“- „МКТ“ се бришат;

- по реден бр. 81, се додава реден број 82, во колоната „Носител“ се додаваат зборовите „Здружение за култура и изведувачки уметности Гудачки оркестар „Ајга“- Скопје“. Во колоната „Активност“ се додаваат зборовите „Концерт на *Ајга* со солисти Ана и Игор Дурловски“. Во колона „Средства“ се додава износот „764.400 денари“, а во колоната „Финансирање“ се додава зборот „МКТ“;

- ро реден број 82, се додава реден број 83, во колоната „Носител“ се додаваат зборовите „Association for Culture & Arts ASTERFEST FILM FESTIVAL“- Скопје“. Во колоната „Активност“ се додаваат зборовите „ASTERFEST ревија на филмови“. Во колона „Средства“ се додава износот „34.995 денари“, а во колоната „Финансирање“ се додава зборот „МКТ“;

- согласно измените, редните броеви почнувајќи од 61 се менуваат.

бр. 09-1635/1
10.12.2025 г.
Гевгелија

претседател
на Советот на Општина Гевгелија,

**Анета Стамкова**

с.р.